Лидија ЃУРКОВСКА

# ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СР ГЕРМАНИЈА, ШВАЈЦАРСКАТА КОНФЕДЕРАЦИЈА И РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## Увод

Истражувањата за иселениците од Македонија отсекогаш биле тема која кај историчарите предизвикувала голем интерес. Во Македонија беа одржани два научни собири по однос на ова прашање. Оваа статија има за цел да ги осознае причините за иселувањето на Македонците по Втората светска војна во европските земји и да даде статистички показатели за иселувањето од СР Македонија по Втортата светска војна.

Културната интеграција на иселениците од Република Македонија во земјите: СР Германија, Република Австрија и Швајцарската конфедерација во период по Втората светска војна е тема која среде научните кругови постојано предизвикува дискусија за резултатите и достигањата од научните истражувања.[1] Во овој контекст особено внимание се посветува на истражувањето на културните односи меѓу овие земји и матичната земја СР Македонија со крајна цел - иселениците да бидат интегрирани во новото поднебје каде што емигрирале.[2]

---

[1] Една од многуте научни конференции е и Конференцијата под наслов: "Миграции во Југоисточна Европа по II светска војна", одржана во Белград во периодот 20 - 22.11.2003 г. во организацијата на Гете Институт – Белград а во рамките на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа. А во Македонија се одржаа два научни собири од кои беа објавени и зборниците: Зб: Прв меѓународен научен собир: "Иселеништвото од Македонија од појавата до денес", Крушево, 3-5 август 2000г, Агенција за иселеништво на РМ, ИНИ, Скопје, 2001, 479 и Зб: Втор меѓународен научен собир: "Иселеништвото од Македонија од појавата до денесг, Струга, 20-22 ноември 2003, Агенција за иселеништво на РМ, , Скопје, 2004, 163.

[2] Проф. д-р Марјан Димитријевски, Прилог кон библиографијата на македонската историографија за иселеништвото од Македонија. Зб. Прв меѓународен научен собир: "Иселеништвото од македонија од појавата до денес", Крушево 3-5 август 2000г, Агенција за иселеништво на РМ, ИНИ, Скопје, 2001, 457-474.

## Причини за иселување по Втората светска војна

Имајќи ја предвид ресорната надлежност на Републичкиот секретаријат за односи со странство, нема непосреден увид во интензитетот на иселувањето на граѓаните од СР Македонија во прекуокеанските земји и земјите на Западна Европа. Меѓутоа, од контактите со Дирекцијата на културни прашања на Австрија и некои други земји, како и со наши граѓани кои се обраќале за информации и евентуална помош при добивањето дозволи и визи, можеме да согледаме дека, во западноевропските земји актуелно е настојувањето на голем број наши граѓани кои заминуваат без дозволи за работа и престој, преку барањето политички азил да добијат такви дозволи.

Иако интензитетот на барањата и заинтересираноста за заминување од СР Македонија не бил намален, во значителна мерка биле намалени еуфоричните расположби за иселување, особено по согледувањата и реалните информации за начинот и можностите за заминување. Карактеристично е што меѓу нив е голем бројот на високообразовни кадри, како и на оние кои се веќе во работен однос во Републиката. Заинтересираните главно се на возраст од 20 до 40 години.

Најголемиот број од оние што заминувале или биле заинтересирани да се иселат во западноевропските земји, се Македонците, но заминувале и од албанската и ромската народност. Карактеристично за Албанците и Ромите било заминувањето без семејства.[3] Информацијата за иселувањето на граѓани од СР Македонија заснована е врз податоците за вработените и невработените со кои располагаат самоуправните интересни заедници за вработување и податоците за извршените систематски прегледи во медицинските центри за добивање на иселеничка виза.

Дискусијата за резултатите од процесот на миграционите движења по Втората светска војна од Македонија кон европските земји со германско јазично подрачје и формирањето на т.н. „гастарбајтери" е непресушна тема на анализата на научните работници кои се занимаваат со оваа проблематика.[4]

[3] Информација од Собрание на РМ и претседателот на собранието проф. др. Тито Беличанец до Извршниот совет на Собранието на СР Македонија за иселувањето во прекуокеанските земји и земјите во Западна Европа од СР Македонија во период 1987 и I-X 1988 година. ДАРМ. ф. Извршен совет на РМ.

[4] Од друга страна паралелно со овој процес тука е присутна и внатрешната миграција и заминувањето на селското население во насока на градовите и индустриските места.

Во повоениот период граѓаните од Македонија продолжиле да се иселуваат кон земјите од германското јазично подрачје од својата земја од повеќе причини.

Најголем одлив на населението од СРМ бил забележан во времето од 60-тите години на 20. век, па сè до осамостојувањето на Република Македонија. За овој период доминантен бил социјалниот мотив, односно заминување на „привремена работаг во странство. Правецот на емигрирање се одвивал во насока на прекуокеанските и особено кон западноевропските земји. Во западноевропските земји македонските иселеници главно заминувале на работа во СР Германија, Швајцарија и Австрија, но и во други економски развиени европски земји. Тие од страна на македонските власти биле третирани како привремено иселени лица, но со тек на време во западноевропските земји и особено во земјите од западна Европа овие иселеници биле нарекувани„*гастарбајтери*".[5]

Појавата на иселување односно миграција продолжува и по создавањето на независна Република Македонија и трае до денешни денови. Главни причини за отселувањето на нашите граѓани во овис земји се најчесто невработеноста, односно желба за подобра заработувачка. Овој факт го потврдува и квалификационата структура на отселените од кои повеќе од 80% се со средна, односно нижа стручна подготовка.

Покрај рестриктивната политика на овие земји што во последно време се водела кон граѓаните што бараат вселување, сепак голем број наши граѓани добивале влезна виза со помош на гаранциите што им ги испраќале нивните роднини кои веќе живееele таму.

Многу често била регистрирана и појавата на зачестено заминување во земјите на Западна Европа на припадници на ромската етничка група кои заради полесно вработување во овие земји барале политички азил. Оваа појава добила масовен карактер во последните два месеци од 1987 година кога само од Куманово и Скопје во СР Германија заминале околу 180 граѓани.

Во периодот 1987-1988 година (без Скопје) во земјите на Западна Европа се отселиле приближно 1000 Роми. Голем број од нив се отселуваат во СР Германија каде добиваат стаж и парична помош,

[5] Сеадин Џафери, Иселеништвото од Македонија од Албанско потекло во Швајцарија. Зб. Прв меѓународен научен собир: "Иселеништвото од Македонија од појавата до денес", Крушево 3-5 август 2000г, Агенција за иселеништво на РМ, ИНИ, Скопје, 2001, 173-181.

склучувајќи при тоа договор за привремен престој и работа за период од 5 години.[6]

Граѓаните од СР Македонија кои живеат и работат во земјите на Западна Европа без дозвола за работа и престој доаѓаат во судир со тамошните полициски органи. Притоа изложени се на разни политички мерки при што голем број се депортирани назад во земјата од каде што дошле. Во земјите на Западна Европа добивањето државјанство се условува со отпуст од државјанство на СРМ и СФРЈ поради што многу помал број наши државјани се стекнуваат со државјанство на некои од овие земји. Најчести причини поради кои бараат отпуст од државјанство се подобро работно место, остварување на права од пензиско и инвалидско осигурување и сл.

Во периодот од 1987-1988 година 155 државјани од СРМ стекнале државјантво во некоја од земјите на Западна Европа.

**Врски на македонското иселеништво со Република Македонија**

До создавањето на самостојна македонска држава во рамките на југословенската федерација во 1944 година, не може да се говори за односи меѓу македонското иселеништво и Македонија. Сè до овој период врските се ограничувале на преписка со роднините и пријателите во татковината и на поединечни посети на родните места.

Како составен дел на југословенската федерација, Македонија не била во состојба да води самостојна политика кон иселениците. Во документите од Првото заседание на АСНОМ делумно било третирано ова прашање. Во периодот по воведувањето на работничкото социјалистичко самоуправување, кога земјата влегла во еден вид „економска благосостојба", односно состојба на бројни инвестиции и градба на капитални објекти од електро, металургиската, хемиска, прехранбената, текстилната и друга стратешка индустрија, кај народот речиси и да немало нагласен интерес за иселување, бидејќи се сметало дека тоа е непотребно и безпредметно.

Дури во наредниот период, во 60-тите и 70-тите години на дваесеттиот век, во време на зајакнување на економската криза како последица од резултатите на самоуправувањето, кога била достигната кулминација во процесот на одлевање на работна рака, се појавил поголем интерес на државата кон ова прашање.

---

[6] Димитриевска, Елка, Некои аспекти на социјално-економската структура на иселеништвото. Иселеништвото од Македонија (резултати од истражување). Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, XI-XII/1, Скопје 1990, 36-39.

Во целиот период до осамостојувањето на Р. Македонија, иселеничкото прашање не било елаборирано ниту во еден уставен или законодавен елемент, туку било разгледувано од страна на невладини политички организации и установи. Таква организација била **Матицата на иселениците од Македонија**, која била под надзор и менторство на ССРНМ.[7]

Иселеништвото како појава не било покривано со државен ресорен орган, иако е познато дека иселувањето традиционално отсекогаш било присутно во Македонија.

Одделни ингеренции во политиката кон иселениците биле преземени и од **Секретаријатот за односи со странство, формиран во 1975 година.**

Со распаѓањето на југословенската федерација и формирањето на сомостојна и суверена Република Македонија, грижата за иселеништвото се издигна во уставна обврска на државата. Во Уставот на Република Македонија, донесен на 17 ноември 1991 година, во чл. 49 за ова се пропишува:

*„Републиката се грижи за положбата и првата на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги унапредува врските со нив.*

*Републиката се грижи за културните и социјалните права на граѓаните на Републиката во странство".*

Со формирањето на самостојна Република Македонија, а поаѓајќи од оваа уредба на Уставот, грижата за иселеништвото се издигна со уставна обврска, врз чија основа во текот на 1998 година беше формирано Министерство за иселеништво. Неговата дејност се одвиваше до јули 2000 година, кога беше создадена Агенцијата за иселеништво, како орган на Владата на РМ. Во нејзин домен влегуваат сите прашања поврзани со македонската дијаспора. Во надлежност на Агенцијата спаѓаат работите што се однесуваат на положбата и правата на иселениците од Република Македонија, помагање на нивниот културен развој и унапредување на врските со нив и нивните организации, запознавање на иселениците со состојбите во нивната татковина, создавање услови за враќање на иселениците во земјата и нивното вклучување во јавниот и економски живот на државата.

Освен официјалната државна политика, контакти со македонските иселеници низ светот се одржувале и сè уште се

[7] Матицата е формирана на 17 мај 1951 г во Скопј. Таа го издавала и месечникот вМакедонијаг со статии на македонски и англиски јазик. Македонска енциклопедија, МАНУ, Т-2, М-Ш, Скопје, 2009, 928.

остваруваат и преку бројни списанија намснети за нив, специјални програми на македонското радио како и со отворањето на посебен сателитски телевизиски канал, преку кој иселениците секојдневно можат да ги следат програмите на Македонската радио телевизија.[8]

Но и покрај сите спомснати институции и активности, во Република Македонија сè уште отсуствуваат елементарни податоци и статистички евиденции за бројот, структурата и начинот на иселувањето на граѓаните од Македонија. Извесен напредок се чувствува само кај службите на Републичкиот завод за статистика кој со најновите пописи се обидува да ја покрие и оваа проблематика.

Чувството за враќање назад во татковината е присутно кај иселениците од постарата генерација, но тоа е многу послабо изразено кај нивните деца или внуци кои припаѓаат на втората или трета генерација. Македонските иселеници без разлика од кој крај на Македонија потекнуваат и во кој период се иселиле, несебично ја подржуваат независнота на Македонија. Во оваа насока тие оставија силен печат и на креирањето на новите македонски државнички симболи. Станува збор за првото знаме на Република Македонија со симболот на античките Македонци - ѕвездата од Вергина, што беше донесено под силно влијание на иселеништвото. Ова знаме не го издржа тестот на современиот европски политички живот, и тоа беше во употреба од 1992 до 1995 година.

## Статистички и други показатели

Според одредени статистички показатели од 1994 година[9], во Германија, Швајцарија и Австрија бројот на македонските иселеници изгледал вака:

[8] Шопар, Весна, Информирањето и информираноста на иселениците од Македонија. Иселеништвото од Македонија (резултати од истражување). Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, XI - XII/1, Скопје 1990, 46-53.

[9] Daskalovska Katerina, Katerina Nospalovska, Migrations in the Republik Macedoni and spatial distribution of the population in the 1990s. Statistical Office the Republik of Macedonia. Demobalk Conference, Saraevo, May, 2000.

| Престој | Сè вкупно | Германија | Швајцарија | Австрија |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 0-4 години | Работо-способни | 6075 | 4935 | 1794 |
| | членови на фамил. | 7520 | 6534 | 1051 |
| | вкупно | 13595 | 11469 | 2845 |
| помалку од 1 година | Работо-способни | 2058 | 2468 | 884 |
| | членови на фамил. | 929 | 1408 | 317 |
| | вкупно | 2987 | 3876 | 1201 |
| од 1-4 години | Работо-способни | 4017 | 2467 | 910 |
| | членови на фамил. | 6591 | 5126 | 734 |
| | вкупно | 10608 | 7593 | 1544 |

Од вкупниот број на иселениците според националната припадност најголема застапеност има кај Македонците, потоа Албанците, а значително помала или минимална е застапеноста на останатите националности од Република Македонија. Во периодот 1971-1994 година, бројот на работниците Македонци расте од 36915 на 54955 лица или за 48.9%, а кај Албанците тој е зголемен за повеќе од два пати и тоа од 11692 на 25888 лица. При тоа учеството на Македонците во вкупниот број работници мигранти се намалува од 67,8% на 62,7%, додека тој кај Албанците бележи пораст од 21,5% на 29,5%. Меѓутоа треба да се има предвид дека овие показатели не ја одразуваат реалната состојба поради веќе укажаното дека не се опфатени целосно сите граѓани од Република Македонија кои се во странство, а особено оние кои претстојуваат во прекуокеанксите земји.[10]

За Швајцарија, некои истражувачи се обидоа да дадат одредени поконкретни статистички показатели и за иселениците од Република Македонија во оваа земја. Така во Швјацарија денес има околу 50982 лица со македонско државјанство, од кои половината и повеќе се од

[10] Верица Јанеска, Особености на современата емиграција на работната сила од Република Македонија. Зб.: Прв меѓународен научен собир: Иселеништвото од Македонија од појавата до денес. Крушево ,3-5 август 2000, Скопје 2001, 107.

албанска националност. Половата структура на овие иселеници била: 28 169 мажи, 22813 жени. Од нив вработени се вкупно 20316 лица од кои 15376 мажи и 4940 жени. Иселеници на возраст над 16 години има 17182 лица, а деца од 7-15 години има 10 005.[11]

Во прилог ги доставувам документите од Државниот архив на Македонија (Фонд: Извршен совет на СРМ), за иселениците од СРМ во земјите од Западна Европа по Втората светска војна:

## ТАБЕЛАРНИ ПРЕГЛЕДИ

### П Р Е Г Л Е Д бр. 1
### За лицата кои се иселиле во прекуокеанските земји и земјите на Западна Европа од СРМ во период 1987 и I – X 1988г.

| Ред. бр. | СИЗ за вработување | СЕ | жени | Национална припадност | | | | Возраст |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Македонци | Албанци | Роми | Останати | |
| 1. | Берово | - | - | - | - | - | - | - |
| 2. | Битола | 268 | 58 | 231 | 12 | 4 | 21 | |
| 3. | Брод | - | - | - | - | - | - | - |
| 4. | Валандово | 2 | 1 | 2 | - | - | - | 24-25 |
| 5. | Виница | - | - | - | - | - | - | - |
| 6. | Гевгелија | | | | | | | |
| 7. | Гостивар | - | - | - | - | - | - | - |
| 8. | Дебар | - | - | - | - | - | - | - |
| 9. | Делчево | - | - | - | - | - | - | - |
| 10. | Д.Хисар | 11 | 3 | 11 | - | - | - | 20-55 |
| 11. | Кавадарци | 15 | | | | | | |
| 12. | Кичево | 42 | 10 | 33 | 7 | 2 | - | |
| 13. | Кочани | - | - | - | - | - | - | - |

[11] Сеадин Џафери, Иселеништвото од Македонија од албанско етничко потекло во Швајцарија. Истото, 175.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14. | Кратово | 18 | - | 5 | - | 11 | 2 | 3-49 |
| 15. | Кр.Паланка | - | - | - | - | - | - | - |
| 16. | Крушево | 1 | - | 1 | - | - | - | 50. |
| 17. | Куманово | - | - | - | - | - | - | - |
| 18. | Неготино | 4 | 2 | 4 | - | - | - | - |
| 19. | Охрид | | | | | | | |
| 20. | Прилеп | | | | | | | |
| 21. | Пробиштип | - | - | - | - | - | - | - |
| 22. | Радовиш | | | | | | | |
| 23. | Ресен | 20 | 8 | 12 | 6 | - | 2 | 22-59 |
| 24. | Св.Николе | 27 | 14 | 5 | - | 22 | - | 20-38 |
| 25. | Скопје | | | | | | | |
| 26. | Струга | 10 | 1 | 9 | 1 | - | - | 3-53 |
| 27. | Струмица | | | | | | | |
| 28. | Тетово | 82 | 20 | 20 | 54 | - | - | 3-53 |
| 29. | Т.Велес | - | - | - | - | - | - | - |
| 30. | Штип | 35 | - | 10 | - | 23 | 2 | 25-40 |
| | Вкупно: | 524 | 114 | 340 | 80 | 62 | 27 | |

Извор: Самоуправна интересна заедница за вработување

## ПРЕГЛЕД бр.2
## За лицата кои се иселиле во прекуокеанските земји и земјите на Западна Европа од СРМ во 1987 и I – X 1988 година

| СИЗ за вработу-вање | СЕ | Вработени | Невработени | Квалификациона структура | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ОО | НКВ | ПКВ | КВ | ССС | ВШС | ВСС |
| Берово | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Битола | 268 | 268 | - | - | 80 | - | 104 | 50 | 14 | 20 |
| Брод | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Валандово | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Виница | - | | | | | | | | | |
| Гевгелија | | | | | | | | | | |
| Гостивар | - | - | - | - | -- | - | - | - | - | - |
| Дебар | 11 | - | - | 7 | | | | 4 | | |
| Делчево | - | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д.Хисар | | | | | | | | | | |
| Кавадарци | 15 | | | | 4 | | 4 | 6 | | 1 |
| Кичево | 42 | 6 | 4 | 12 | | | 1 | 12 | | |
| Кочани | - | | | | | | | | | |
| Кратово | 18 | | | | | | | | | |
| К.Паланка | - | | | | | | | | | |
| Крушево | 1 | | 1 | | 1 | | | | | |
| Куманово | - | | | | | | | | | |
| Неготино | 4 | 3 | 1 | | | | | 2 | 1 | 1 |
| Охрид | | | | | | | | | | |
| Прилеп | | | | | | | | | | |
| Пробиштип | - | | | | | | | | | |
| Радовиш | | | | | | | | | | |
| Ресен | 20 | 8 | 12 | - | 5 | 2 | 3 | 5 | 3 | 2 |
| Св.Николе | 27 | 7 | 20 | - | 25 | - | - | 1 | 1 | - |
| Скопје | | | | | | | | | | |
| Струга | 10 | - | 10 | 5 | - | - | 4 | 1 | - | - |
| Струмица | | | | | | | | | | |
| Тетово | 82 | 82 | | | | | 49 | 30 | 1 | 2 |
| Т.Велес | - | | | | | | | | | |
| Штип | 35 | 33 | 2 | - | 27 | - | 2 | 3 | 3 | - |
| Вкупно | 535 | 407 | 52 | 17 | 142 | 2 | 168 | 111 | 23 | 26 |

Извор: Самоуправна интересна заедница за вработување

**ПРЕГЛЕД бр.3**

**На лицата иселени во прекуокеанските земји и земјите на Западна Европа од СРМ во период I - X 1998 година**

| СИЗ за вработување | СЕ | Земја на имиграција | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Германија | Австралија | Франција | Канада | САД | Швајцарија | Шведска | Останати |
| Берово | - | | | | | | | | |
| Битола | 268 | | | | | | | | |
| Брод | - | | | | | | | | |
| Валандово | 2 | 1 | 1 | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Виница | | | | | | | | | |
| Гевгелија | | | | | | | | | |
| Гостивар | - | | | | | | | | |
| Дебар | 11 | 1 | 10 | | | | | | |
| Делчево | - | | | | | | | | |
| Д.Хисар | | | | | | | | | |
| Кавадарци | 15 | | | | | | | | |
| Кичево | 42 | - | 34 | 7 | 1 | | | | |
| Кочани | - | | | | | | | | |
| Кратово | 18 | 11 | - | 7 | | | | | |
| Кр.Паланка | - | | | | | | | | |
| Крушево | 1 | | 1 | | | | | | |
| Куманово | - | | | | | | | | |
| Неготино | 4 | | 4 | | | | | | |
| Охрид | - | | | | | | | | |
| Прилеп | - | | | | | | | | |
| Пробиштип | - | | | | | | | | |
| Радовиш | | | | | | | | | |
| Ресен | 20 | - | 8 | | | 10 | 1 | 1 | |
| Св.Николе | 27 | 25 | 2 | | | | | | |
| Скопје | | | | | | | | | |
| Струга | 10 | | 6 | 1 | | 3 | | | |
| Струмица | | | | | | | | | |
| Тетово | 82 | 13 | 10 | | 1 | 12 | 37 | 1 | 8 |
| Т.Велес | - | | | | | | | | |
| Штип | 35 | 25 | 7 | | | | 1 | | 2 |
| Вкупно | 535 | 76 | 93 | 15 | 3 | 25 | 39 | 2 | 10 |

Извор: Самоуправна интересна заедница за вработување

Во текот на 1987-88 година продолжува интересот на граѓаните од СР Македонија за иселување во прекуокеанските западноевропски земји.

Оваа информација има за цел да го прикаже бројот на иселувањата во последните две години, според земјата на иселувањето, националната припадност, работниот статус, квалификационата структура и возраста на иселениците.

Во интерпретацијата на податоците, добиени од општините во СР Македонија, треба да се има предвид нивната релативна точност, што е резултат на отсуството на единствен систем и методологијата за следење на миграционите движења од овој вид.

Во обидот да се дојде до целосен број на иселувањата како извори се користени податоците од општините според:

- евиденциите на поголемите организации на здружениот труд;
- евиденциите на воспитно-образовните организации;
- евиденциите за лицата кои обавиле лекарски прегледи поради иселување;
- евиденциите на секретаријатите за народна одбрана;
- евиденциите на општинските судови за лицата кои извршиле преводи на документите;
- евиденции на СИЗ-овите за вработување и
- евиденциите на туристичките агенции.

Притоа како основен извор се утврдени евиденциите на поголемите организации на здружениот труд и воспитно-образовните организации, што само по себе укажува на ограничен опфат, меѓутоа опфат кој е мошне конкретен.

Сите останати евиденции се пратечки извор, кој повеќе или помалку ја потврдува појавата на иселувањето и е даден во приложените информации од надлежните републички ресори.[12]

1.Од прегледот бр.1 произлегува дека вкупниот број иселувања во прекуокеанските и западноевропските земји, за периодот 1987-88 година изнесува 3318 лица.

Најбројни иселувања регистрирани се во општините: Куманово (509), Битола (480), Тетово (435), Чаир ((298), Дебар (250), Охрид (242), Центар (223), Струга (142), Кисела Вода (140) и Гостивар (105).

Скопското подрачје е застапено со вкупно 816 иселувања.

2.Од прегледот бр.2 се гледа дека за голем дел иселеници (1434) не се знае каде се иселиле.

Од познатите, доминира СР Германија (915), потоа САД (241), Австралија (238), Швајцарија (219) и Турција (125).

3.Според националната припадност (преглед бр.3) 1142 се Македонци, 880 Роми, 579 Албанци, 131 Турци, меѓутоа непозната е националната припадност на 586 лица.

4. Од прегледот бр.4 произлегува дека за 1154 иселеници не е познато со каков работен статус заминале, а од регистрираните, евидентно е дека 838 лица го раскинале работниот однос заради иселување, 355 лица земале неплатено отсуство и дека се иселиле 493 невработени лица, или заминале вкупно 1193 лица кои биле во работен однос.

5. Според квалификационата структура (прилог бр.5) евидентно е дека за повеќето од половината на иселените (1629) не е позната

[12] Информацијата од Републичкиот секретаријат за односи со странство.

квалификационата структура, а во познатата доминираат неквалификуваните работници (732), работниците со средна стручна подготовка (423) и квалификуваните работници (314).

Работниците со високо образование застапени се со 118 лица.

6. За возраста на иселениците општините не доставија прецизни податоци, наведувајќи дека таа се движи за две третини од вкупниот број иселеници меѓу 25 и 40 години, а за една третина меѓу 0 и 15 години. Притоа, симболичен е бројот на иселениците кои се постари од 40 години.[13]

ПРЕГЛЕД бр.1

**П Р Е Г Л Е Д**

**На иселени граѓани од СР Македонија во прекуокеанските и западните земји во периодот од 1987/88 година според : вкупен број на иселувања**

| Реден број | ОПШТИНА | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| 1. | Берово | не се регистрирани иселувања | |
| 2. | Битола | | 480 |
| 3. | Македонски Брод | не се регистрирани иселувања | |
| 4. | Дебар | | 250 |
| 5. | Делчево | регистрирани се 22 сезонски работници | 8 |
| 6. | Демир хисар | | не доставила |
| 7. | Гевгелија | | 12 |
| 8. | Гостивар | | 105 |
| 9. | Кавадарци | | 76 |
| 10. | Кичево | | 43 |
| 11. | Кочани | не се регистрирани иселувања | |

[13] Петреска, Блага, Семејството и семејните односи на нашите иселеници. Иселеништво то од Македонија (резултати од истражување). Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, ЦИ-ЦИИ/1, Скопје 1990, 54-68.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. | Кратово | | 15 |
| 13. | Крива Паланка | | не доставила |
| 14. | Крушево | | 19 |
| 15. | Куманово | | 509 |
| 16. | Неготино | | 4 |
| 17. | Охрид | | 242 |
| 18. | Прилеп | несе опфатсни членовите на семејството и сезонските работници | 30 |
| 19. | Пробиштип | | не доставила |
| 20. | Радовиш | | 6 |
| 21. | Ресен | | 12 |
| 22. | Струга | | 142 |
| 23. | Струмица | | 23 |
| 24. | Свети Николе | не се регистрирани иселувања | |
| 25. | Штип | | 35 |
| 26. | Тетово | | 435 |
| 27. | Титов Велес | | 15 |
| 28. | Валандово | не се регистрирани иселувања | |
| 29. | Виница | регистрирани се и 14 сезонски работници | 39 |
| 30. | Скопје-Центар | | 223 |
| 31. | Скопје-Карпош | | 66 |
| 32. | Скопје-Кисела вода | | 140 |
| 33. | Скопје-Гази баба | | 89 |
| 34. | Скопје-Чаир | | 298 |
| 35. | Скопје-Вкупно | | 816 |
| | В К У П Н О: | | 3318 |

ПРЕГЛЕД бр.2

## ПРЕГЛЕД
## На иселени граѓани од СР Македонија во прекуокеанските и западните земји во периодот 1987-88 според: земја на иселување

| Ред. бр. | Општина | Австралија | САД | Канада | Австрија | СРГ | Швајц. | Франц. | Шведска | Турција | непоз. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Берово | не се регистрирани иселувања | | | | | | | | | | |
| | Битола | 2 | | | | | | | | | 478 | 480 |
| | Мак. Брод | не се регистрирани иселувања | | | | | | | | | | |
| | Дебар | | 150 | | 15 | 25 | 20 | 9 | 20 | | 11 | 250 |
| | Делчево | 2 | | | | 3 | 3 | | | | | 8 |
| | Демирхисар | | | | | | | | | | | Не доставила податоци |
| | Гевгелија | | | | 12 | | | | | | | 12 |
| | Гостивар | | | | | 7 | | | | 97 | 1 | 105 |
| | Кавадарци | | 9 | | | 57 | 1 | 1 | | | 11 | 76 |
| 10. | Кичево | 35 | | 1 | | | | 7 | | | | 43 |
| 11. | Кочани | не се регистрирани иселувања | | | | | | | | | | |
| 12. | Кратово | | | | | 11 | | 4 | | | | 15 |
| 13. | К. Паланка | | | | | | | | | | | Не доставила податоци |
| 14. | Крушево | 15 | 4 | | | | | | | | | 19 |
| 15. | Куманово | 4 | 1 | 5 | 2 | 391 | 3 | | | 20 | 83 | 509 |
| 16. | Неготино | 4 | | | | | | | | | | 4 |
| 17. | Охрид | 78 | 17 | 7 | 9 | 8 | 98 | | 3 | | 22 | 242 |
| 18. | Прилеп | 18 | 1 | | 6 | 4 | | | | | 1 | 30 |
| 19. | Пробиштип | | | | | | | | | | | Не доставила податоци |
| 20. | Радовиш | 6 | | | | | | | | | | 6 |
| 21. | Ресен | 2 | 9 | | | | | | | 1 | | 12 |
| 22. | Струга | | | | | | | | | | 142 | |
| 23. | Струмица | | | | | | | | | | 23 | 23 |
| 24. | Свети Николе | не се регистрирани иселувања | | | | | | | | | | |
| 25. | Штип | 7 | | | | 25 | 1 | | | 2 | | 35 |
| 26. | Тетово | 10 | 17 | 1 | 3 | 17 | 59 | | | 1 | 327 | 435 |
| 27. | Титов Велес | | | | 3 | 1 | | | 4 | 5 | 2 | 15 |
| 28. | Валандово | не се регистрирани иселувања | | | | | | | | | | |
| 29. | Виница | | | | | 14 | 13 | | | | 12 | 39 |
| 30. | Скопје-Центар | 30 | 13 | 12 | 3 | 26 | 9 | 1 | 7 | | 122 | 223 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31. | Скопје-Карпош | 9 | 4 | 4 | | 17 | 9 | 2 | | | 24 | |
| 32. | Скопје-Кисела вода | 11 | 12 | 3 | | 40 | 3 | 3 | 4 | | 64 | 1 |
| 33. | Скопје-Гази баба | | | | | | | | | | 89 | |
| 34. | Скопје-Чаир | 5 | 4 | 1 | | 259 | | | 7 | | 22 | 2 |
| 35. | Скопје-Вкупно | | | | | | | | | | | 8 |
| | ВКУПНО: | 238 | 241 | 34 | 41 | 915 | 219 | 26 | 46 | 125 | 1434 | 33 |

ПРЕГЛЕД бр.3

**ПРЕГЛЕД**
**На иселени граѓани од СР Македонија во прекуокеанските и западните земји во периодот 1987-88 според: националната припадност**

| Ред. Бр. | Општина | Македонци | Алб. | Турци | Срби | Роми | Непознато | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Берово | не се регистрирани иселувања | | | | | | - |
| 2. | Битола | 450 | 1 | | | 29 | | 480 |
| 3. | Мак. Брод | не се регистрирани иселувања | | | | | | - |
| 4. | Дебар | 48 | 202 | | | | | 250 |
| 5. | Делчево | 7 | | | | 1 | | 8 |
| 6. | Демир хисар | Не доставиле | | | | | | |
| 7. | Гевгелија | 12 | | | | | | 12 |
| 8. | Гостивар | 4 | 4 | 97 | | | | 105 |
| 9. | Кавадарци | 42 | | 2 | | 27 | | 76 |
| 10. | Кичево | 43 | 4 | | | 2 | | 49 |
| 11. | Кочани | не се регистрирани иселувања | | | | | | - |
| 12. | Кратово | 4 | | | | 11 | | 15 |
| 13. | Крива Паланка | Не доставиле | | | | | | |
| 14. | Крушево | 17 | 2 | | | | | 19 |
| 15. | Куманово | 34 | | | | 466 | 9 | 509 |
| 16. | Неготино | 4 | | | | | | 4 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17. | Охрид | 42 | 1 | 2 | 1 | | 194 | 242 |
| 18. | Прилеп | 27 | | 1 | | 1 | 1 | 30 |
| 19. | Пробиштип | Не доставиле | | | | | | |
| 20. | Радовиш | 4 | | 2 | | | | 6 |
| 21. | Ресен | 4 | 8 | | | | | 12 |
| 22. | Струга | 63 | 87 | 1 | 1 | | | |
| 23. | Струмица | 23 | | | | | | 23 |
| 24. | Свети Николе | не се регистрирани иселувања | | | | | | |
| 25. | Штип | 10 | | 2 | | 23 | | 35 |
| 26. | Тетово | 34 | 81 | | | | 320 | 435 |
| 27. | Титов Велес | 9 | | 5 | | 1 | | 15 |
| 28. | Валандово | не се регистрирани иселувања | | | | | | |
| 29. | Виница | 28 | | | | 11 | | 39 |
| 30. | Скопје-Центар | 92 | 87 | | | 44 | | 223 |
| 31. | Скопје-Карпош | 32 | 21 | 10 | | 4 | 1 | 66 |
| 32. | Скопје-Кисела вода | 59 | 31 | 5 | | 25 | 20 | 140 |
| 33. | Скопје-Гази баба | 28 | 15 | 1 | 1 | 3 | 41 | 89 |
| 34. | Скопје-Чаир | 28 | 35 | 3 | | 232 | | 298 |
| 35. | Скопје-Вкупно | | | | | | | 816 |
| | ВКУПНО: | 1141 | 579 | 131 | 3 | 880 | 586 | 3318 |

ПРЕГЛЕД бр.4

## ПРЕГЛЕД
## На иселени граѓани од СР Македонија во прекуокеанските и западните земји во перидот 1987-88 според: работен статус

| Ред. Бр. | Општина | со раск.на рс. | неплатено | невработени | сезонци | забелешка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Берово | не се регистрирани иселувања | | | | | |
| 2. | Битола | 311 | 169 | | | | 480 |
| 3. | Мак. Брод | не се регистрирани иселувања | | | | | |
| 4. | Дебар | 70 | | 180 | | | 250 |
| 5. | Делчево | 6 | | 2 | | | 8 |
| 6. | Демир Хисар | | | | | Не доставиле | |
| 7. | Гевгелија | 2 | | 4 | | 6 деца | 12 |
| 8. | Гостивар | 26 | | 34 | | 45деца | 105 |
| 9. | Кавадарци | | | | | 76(непознат) | 76 |
| 10. | Кичево | 12 | | 14 | | 17 деца | 43 |
| 11. | Кочани | не се регистрирани иселувања | | | | | |
| 12. | Кратово | | | | | 15(непознат) | 15 |
| 13. | Крива Паланка | | | | | | Не доставиле |
| 14. | Крушево | | | 19 | | | 19 |
| 15. | Куманово | | | | | 509(непознат) | 509 |
| 16. | Неготино | 3 | | 1 | | | 4 |
| 17. | Охрид | 48 | | 194 | | | 242 |
| 18. | Прилеп | 30 | | | | | 30 |
| 19. | Пробиштип | | | | | Не доставиле | |
| 20. | Радовиш | 6 | | | | | 6 |
| 21. | Ресен | 4 | 4 | 4 | | | 12 |
| 22. | Струга | 54 | | | | 88 деца | 142 |
| 23. | Струмица | | 17 | 6 | | | 23 |
| 24. | Свети Николе | не се регистрирани иселувања | | | | | |
| 25. | Штип | 31 | | 4 | | | 35 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 26. | Тетово | 99 | | 16 | | 320 деца | 435 |
| 27. | Титов Велес | | | 15 | | | 15 |
| 28. | Валандово | не се регистрирани иселувања | | | | | |
| 29. | Виница | 10 | 19 | | | 10(непо-знат) | 39 |
| 30. | Скопје-Центар | 56 | 61 | | | 106(непознат) | 223 |
| 31. | Скопје-Карпош | 50 | 16 | | | | 66 |
| 32. | Скопје-Кисела Вода | | | | | 140(непознат) | 140 |
| 33. | Скопје-Гази Баба | | | | | | 89 |
| 34. | Скопје-Чаир | | | | | 298(непознат) | 298 |
| 35. | Скопје-Вкупно | | | | | | |
| | ВКУПНО: | 838 | 355 | 493 | | 1730 | 3318 |

ПРЕГЛЕД бр.5

**ПРЕГЛЕД**
**На иселени граѓани од СР Македонија во прекуокеанските и западните земји во периодот од 1987-88 година според: квалификационата структура**

| Ред. Бр. | Општина | НКВ | ПКВ | КВ | ССС | ВКВ | ВШС | ВСС | Непоз | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Берово | не се регистрирани иселувања | | | | | | | | |
| 2. | Битола | 181 | | 100 | 165 | | 2 | 38 | | 480 |
| 3. | Мак. Брод | не се регистрирани иселувања | | | | | | | | |
| 4. | Дебар | 225 НКВ и КВ | | | 20 | | 2 | 3 | | 250 |
| 5. | Делчево | 2 | | 4 | | | | 2 | 2 | 8 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Демир хисар | | | | | | | | | Не доставиле |
| 7. | Гевгелија | 2 | другите се невработени и 6 деца | | | | | | | 12 |
| 8. | Гостивар | 31 | | 20 | 2 | | | 5 | 47 деца | 105 |
| 9. | Кавадарци | | | | | | | | 76 | 76 |
| 10. | Кичево | 13 | | 1 | 12 | | | | 17 деца | 43 |
| 11. | Кочани | не се регистрирани иселувања | | | | | | | | |
| 12. | Кратово | 15 | | | | | | | | 15 |
| 13. | Крива Паланка | | | | | | | | | Не доставила |
| 14. | Крушево | 11 | | | 7 | | | 1 | | 19 |
| 15. | Куманово | | | | | | | | 509 | 509 |
| 16. | Неготино | | | | 2 | | 1 | 1 | | 4 |
| 17. | Охрид | 28 | 44 | 109 | 52 | 4 | 7 | 8 | | 242 |
| 18. | Прилеп | 1 | 1 | 11 | 11 | 3 | | | 3 | 30 |
| 19. | Пробиштип | | | | | | | | | Не доставила |
| 20. | Радовиш | 1 | | | 1 | | | 4 | | 6 |
| 21. | Ресен | 2 | | 1 | 4 | | 3 | 2 | | 12 |
| 22. | Струга | 49 | | | 1 | | | 4 | 88 ученици | 142 |
| 23. | Струмица | 6 | | | 3 | 4 | | 10 | | 23 |
| 24. | Свети Николе | не се регистрирани иселувања | | | | | | | | |
| 25. | Штип | 26 | | 4 | 3 | | 2 | | | 35 |
| 26. | Тетово | 57 НКВ и КВ | | | 38 | | 10 | 10 | 320 деца | 435 |
| 27. | Титов Велес | 8 | | 1 | 4 | | | 2 | | 15 |
| 28. | Валандово | не се регистрирани иселувања | | | | | | | | |
| 29. | Виница | 3 | 3 | 4 | | | | | 29 | 39 |
| 30. | Скопје-Центар | 10 | | 10 | 29 | 4 | 4 | 11 | 155 | 223 |
| 31. | Скопје-Карпош | 22 | | 4 | 9 | 4 | 7 | 10 | 10 | 66 |
| 32. | Скопје-Кисела Вода | 19 | 2 | 4 | 35 | 1 | 3 | | 76 | 140 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33. | Скопје-Гази Баба | 16 | 10 | 29 | 21 | 2 | 6 | 6 | 6 | 89 |
| 34. | Скопје-Чаир | 4 | | 9 | 3 | 2 | 1 | 1 | 278 | 298 |
| 35. | Скопје-Вкупно | | | | | | | | | 816 |
| | ВКУПНО: | 732 | 60 | 314 | 423 | 20 | 48 | 118 | 1629 | 3318 |

**Lidija GJURKOVSKA**

# EMIGRANTS FROM MACEDONIA IN FR GERMANY, THE SWIS CONFEDERATION AND THE REPUBLIC OF AUSTRIA AFTER THE SECOND WORLD WAR

– *summary* –

Studying the Macedonian immigrants has always been a topic that caused great interest with the researchers. Two symposiums were held in Macedonia regarding this issue. This article aims to reveal the reasons for the emigration of Macedonians after the Second World War in Western Europe. At the end of the article, there is a table outline of the statistics showing the emigration of Macedonians from the Socialist Republic of Macedonia to Western Europe, after the Second World War.